МQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1008/1
12-02-2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по предмет отворен по сопствена иницијатива за ДКСК и по пријава поднесена од непознат подносител 13.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на 7 февруари 2020 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметите оформени по сопствена иницијатива за ДКСК и по пријава поднесена од непознат подносител на ден 13.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведени под број на предмет 12-1704/1 од 20.03.2019 г и број 12-1704/2 од 02.04.2019 година, во кои се укажува на сомневање за неправилности и незаконитости во постапување по предмети во Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) во Скопје, по поднесени елаборати од фирмата ------------------- – фирма во која управител е сопругата на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, -------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1704/1 од 20.03.2019 г. и од 02.04.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Предметот со архивски број 12-1704/1 од 20.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

**Образложение**

Предметот со број 12-1704 е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК на ден 20.03.2019 г. и по поднесена пријава со број 12-1704/2 од 02.04.2019 година од непознат подносител, во кои се укажува на неправилности и незаконитости во постапување по предмети во Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) во Скопје, по поднесени елаборати од фирмата ------------------- – фирма во која управител е сопругата на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, -------------.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации со број 12- 1704/3 од 02.04.2019 година до Агенцијата за катастар на недвижности да достави информација за тоа дали и колку има склучени договори за обезбедување геодетски услуги помеѓу Агенцијата за катастар на недвижности и Трговското друштво за геодетски работи и услуги "------------------------ во периодот од 2017 година до денот на прием на


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Барањето. Од страна на Агенцијата беше доставен одговор заведен со број 12-1704/4 од 09.04.2019 година во кој се наведува дека Агенцијата како договорен орган во постапките за доделување на договор за јавна набавка во периодот од 01.01.2017 до 05.04.2019 година не склучила ниту еден договор за јавна набавка за обезбедување геодетски услуги во кој како носител на набавката се јавува Трговското друштво за геодетски работи и услуги ------------------------------------.

Со цел проверка на наводите во пријавата во конкретниот предмет, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации до Централниот регистар на Р.Северна Македонија со број 12-1704/5 од 11.06.2019 година со кое побара да и се доставаат копии од завршните финансиски извештаи на Трговското друштво за геодетски работи и услуги ------------------------------------ за 2015, 2016, 2017 и 2018 година, и Барање за прибирање податоци и информации до Агенцијата за катастар на недвижности со број 12-1704/6 од 11.06.2019 година со кое се побара да се достави целосна информација за бројот на запишани (изработени) предмети од страна на Трговското друштво за геодетски работи и услуги ------------------------- во периодот од 2015-2018 година и за исходот по истите.

Од страна на двете институции во законски утврдениот рок од 15 дена беше доставен одговор по барањата на ДКСК.

По разгледување на доставените одговори од горенаведените институции, а со цел утврдување на фактичката состојба во предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата упати Барање за надлежно постапување со број 12-1704/9 од 18.11.2019 год до Државниот управен инспекторат во рамките на законски надлежности да изврши вонреден инспекциски надзор на начинот и брзината на постапување и одлучување по предметите поднесени од правното лице Трговското друштво за геодетски работи и услуги ---------------------------------------- од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, со посебен акцент на времето на прием на овие предмети во Агенцијата, во кој период биле земани во работа и за кој период било одлучено по овие предмети споредено со предметите поднесени од другите правни лица.

Државниот управен инспекторат со Известување под број 12-1704/10 од 11.12.2019 година ја извести ДКСК дека инспекторатот постапил по Барањето на ДКСК и на 02.12.2019 година, бил извршен вонреден инспекциски надзор во Агенцијата за катастар на недвижности - ---------------------, при што било утврдено дека сите предмети во кои е извршен увидот биле решени во законски предвидените рокови определени со член 198 од Законот за катастар на недвижности и дека од страна на управниот инспекторат нема да бидат преземат инспекциски дејствија согласно со член 17 од Законот за управна инспекција.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, по добиените одговори од надлежните институции и по извршените проверки заради проверка на основаноста на наводите,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите содржани во пријавата не се потврдени и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12-1704/11**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk